**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**ул. „Светозар Марковиќ“ 1**
**тел./факс 033 411 550**
**E-mail:infodelcevo@delcevo.gov.mk**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

**Број 10**
**06.09.2017 година**

**Службен гласник на општина Делчево** **Уредува**
**Излегува по потреба** **Одделение за ,правни и општи работи**
**Гласникот е бесплатен**

**Септември, 2017**

1.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ" бр. 5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево ("Сл. гласник на Општина Делчево" бр.15/2013), Градоначалникот на Општина Делчево на ден 05.09.2017 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за објавување на акти од Третата вонредна седница на**

**Советот на Општина Делчево**

I

Да се објават во „Службен гласник на општина Делчево„ актите што Советот на општина Делчево ги донесе на Третата вонредна седница која се одржа на ден 04.09.2017 година и тоа:

1.**Одлука** за измена и дополнување на Одлуката за давање на согласносот за формирање на паралелки со помал број на ученици на ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево бр.09-971/1 од 04.08.2017 година;

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Делчево„.

**Број 08- 1113/1** **ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**05.09.2017 год.** **Градоначалник,**

**Д е л ч е в о** **Дарко Шехтански,с.р.**

**2.**

Врз основа на член 41 став 5 и 7 од Законот за основното образование-Консолидиран текст („Службен весник на Република Македонија" бр.103/2008; 33/2010; 116/2010; 156/2010; 18/2011; 42/2011, 51/2011; 6/2012, 100/2012, 24/2013и 14/2014) и Барањето на ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево, бр.03-526/1 од 01.09.2017 година, Советот на Општина Делчево, на својата Трета (54.) вонредна седница, одржана на ден 04.09.2017 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за измена и дополнување на Одлуката**
**за давање на согласносот за формирање на паралелки со помал број на ученици на ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево**
**бр.09-971/1 од 04.08.2017 година**

Член 1

Се менува членот 1 став 1 алинеја 5 од Одлуката за давање на согласносот за формирање на паралелки со помал број на ученици на ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево бр.09-971/1 од 04.08.2017 година и истиот гласи:„**Во ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево, Подрачно училиште(ПУ) с.Разловци се формира по 1(една) паралелка во I,IV, V, VI, VII, VIII и IX одделение, односно вкупно 7(седум) паралелки од I до IX одделение.**

Член 2

Во членот 3 став 1 алинеја 5 во третиот ред, по зборот одделение се бришат зборовите:„ **и една комбинирана паралелка** од **IV и V одделение или вкупно 2** ***(две);***

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. Гласник на Општина Делчево".

**Број 09- 1105/1**
**04.09. 2017 год.**
**Делчево**

**Совет на општина Делчево**
**Претседател**
**Драган Христов,с.р.**